Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 205//0306
19.11 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 01.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов „**Мразачката на Македонците нема објаснување за потеклото на имотот: Куќите на Захариева во Софија и на Халкидики ги заинтригираа европратениците**", објавена на интернет порталот „Република.мк" (republika.mk), на 06.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Деспина Ковачевска до Извршната канцеларија на СЕММ, на ????, упати претставка за интернет порталот „Република.мк“, за текстот со наслов „Мразачката на Македонците нема објаснување за потеклото на имотот: Куќите на Захариева во Софија и на Халкидики ги заинтригираа европратениците“, објавен на 06.10.2024 година, при што наведува дека во оспорената содржина има елементи на мешање факти и мислење со вест и коментар. Дополнително, жалителката истакнува дека насловот на текстот воопшто не кореспондира со содржината и дека претставува навредлив говор.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледувањето на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Редакцијата на медиумот ја извести Канцеларијата дека не смета дека постапиле непрофесионално или неетички и дека не гледа прекршување на новинарските стандарди, поради што ја отфрла жалбата и можноста за медијација со жалителот. Притоа, меѓу другото, во одговорот се наведува:

“Ве информираме дека се работи за информација преземена од Македонската информативна агенција, во која нема мешање на факти, а уште помалку мислење со вест и коментар. Ниту од страна на редакцијата на Република при пренесување на веста се вметнати коментари и мислења, ниту пак сметаме дека во информацијата на МИА има мешање на факти, ниту мислења со вест и коментар. Со објавување на информацијата од државната новинска агенција не сметаме дека е прекршен Кодексот. Во однос на насловот на веста - тој кореспондира со содржината на објавениот текст и е дел од самиот текст, а во истиот нема никаков навредлив говор.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „**Мразачката на Македонците нема објаснување за потеклото на имотот: Куќите на Захариева во Софија и на Халкидики ги заинтригираа европратениците**“, објавен на онлајн медиумот „Република.мк“ (republika.mk), на 06.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 13 и 15 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за агенциска вест која е целосно преземена од МИА, со коректно цитирање на изворот. Тој текст го има во архивата на МИА и е објавен на 6 октомври под наслов **„Куќите на Захариева во Софија и на Халкидики ги заинтригираа европратениците**.

Содржината на текстот воопшто не е спорна, напротив текстот е информативен без никакви мешања на вест и коментар и во него во ниту еден момент не е спомената, ниту навестена поврзаноста на Захариева со нејзиниот став за Македонците, јазикот или државата.

Сепак, за разлика од ставот на редакцијата, Комисијата смета дека со интервенцијата во насловот е направено мешање факти со мислења, односно има мешање на вест со коментар.
Во **членот 13 од Кодексот и во Насоките за етичко известување во онлајн медиумите** за примената на овој член пишува дека **„онлајн медиумите јасно ќе ги одвојуваат и означат коментарите од другите новинарски содржини“**.

Со редакциската интервенција во која насловот на оригиналната вест е изменет и содржи сугестија дека станува збор за „мразачка на Македонците“, Комисијата смета дека станува збор за коментаторски елемент кој е измешан со веста, чија суштина е дека Захариева немала објаснување за потеклото на сопствениот имот и дека таквата состојба ги заинтригирала европратениците.

Комисијата оцени и дека во текстот и во насловот нема експлицитен говор на омраза што би бил спротивен на членот 10 од Кодексот. Меѓутоа, Комисијата оценува дека употребата на навредлив израз кон бугарската политичарка, во текст во кој воопшто не станува збор за бугарско-македонскиот спор, ниту за јавните настапи на бугарските политичари во кои се изнесуваат нивни ставови кон македонскиот народ, е непримерна и може само да ги продлабочи веќе наталожените негативни емоции кај дел од публиката.

Без оглед каков е ставот на редакцијата за Захариева и каков е нејзиниот однос кон Македонците и македонскиот јазик, кој е добро познат на општата јавност во земјата, новинарите се должни да го зачуваат дигнитетот на својата професија и во комуникацијата со јавноста да избегнуваат непримерни зборови за оние за кои известуваат. Во овој контекст, Комисијата потсетува на одредбите од **членот 15 од Кодексот,** кој налага дека новинарот треба да ја негува културата на говорот и етиката при јавната комуникација.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Член 13
Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Член 15
Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595